РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ
Бр. 08-788/1
30.08. 2024 год.
ВЕЛЕС

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА НА ДСУ РЦСОО„КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ“ - ВЕЛЕС

## ЗА УЧЕБНАТА 2024-2025 ГОДИНА

ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“
ул. „Андон Шурков“ 4а
1400 Велес

www.kolenedelkovski.edu.mk
e-mail: kolenedelkovski@yahoo.com
facebook.com/rcsookolenedelkovski

Врз основа на член 89-а од Законот за средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 и 67/2017), и член 123 од Статутот на ДСУ РЦСОО "Коле Неделковски"-Велес, Училишниот одбор при ДСУ РЦСОО "Коле Неделковски"-Велес на состанокот одржан на 30.08.2024 година ја донесе следната

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ
Бр. 02-787/5
30.08. 2024 год.
ВЕЛЕС

## ОДЛУКА

**Се усвојува Предлог -годишната програма и Предлог-прилози кон Предлог-годишна програма за работата на ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“-Велес за учебната 2024/2025 година .**

### Член 1

**Одлуката стапува во сила со денот на донесување.**

Доставено до
-архива

Во Велес, 30.08.2024 година

Претседател
на Училишен одбор
Магдалена Иванова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА
СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ
Бр. 02-784/2
30.08. 2024 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 145 од Статутот на Државното средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука „Коле Неделковски" од Велес, Наставничкиот совет на ДСУ РЦСОО "Коле Неделковски"- Велес на седницата одржана на ден 30.08.2024 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

Разгледување и усвојување на Предлог-Годишна програма и Предлог- Прилози кон Предлог-Годишна програма за работа на ДСУ РЦСОО"Коле Неделковски" Велес учебната 2024/2025 год.

**Член 1**

Наставничкиот совет на ДСУ РЦСОО "Коле Неделковски"- Велес едногласно ги усвои Предлог-Годишна програма и Предлог- Прилози кон Предлог-Годишна програма за работа на ДСУ РЦСОО"Коле Неделковски" Велес учебната 2024/2025 год.

**Член 2**

Одлуката стапува на сила од денот на донесувањето.

Одлуката е доставена до:
-Архива на училиштето

Датум
30.08.2024 год.

Директор
Весна Стојанова Богоевска

ДРЖАВНО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ
Бр. 02-786/2
30.08.2024 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 153 од Статутот на Државното средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука „Коле Неделковски" од Велес, Советот на родители на ДСУ РЦСОО "Коле Неделковски"- Велес на седницата одржана на ден 30.08.2024 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

Разгледување и усвојување на Предлог-Годишна програма и Предлог- Прилози кон Предлог-Годишна програма за работа на ДСУ РЦСОО"Коле Неделковски" Велес учебната 2024/2025 год.

**Член 1**

Советот на родители на ДСУ РЦСОО "Коле Неделковски"- Велес едногласно ги усвои Предлог-Годишна програма и Предлог- Прилози кон Предлог-Годишна програма за работа на ДСУ РЦСОО"Коле Неделковски" Велес учебната 2024/2025 год.

**Член 2**

Одлуката стапува на сила од денот на донесувањето.

Одлуката е доставена до:
-Архива на училиштето

Датум
30.08.2024 год.

Претседател на Совет на родители
Верица Малинова
В. Малинов

# ВОВЕД

Годишната програма на училиштето претставува основен документ врз кој се темели целокупната работа на училиштето во текот на една учебна година. Таа се изготвува со цел да се направи систематизација на приоритетните активности во училиштето што треба да се реализираат во учебната 2024/2025, како и да се утврди динамиката на реализација според оперативните планови.

Преку реализацијата на Годишната програма се согледуваат квалитетите на работата, но и потребата од поставување нови, повисоки цели за наредната учебна година. Основна задача на училиштето е воспитно – образовните потреби да се приспособат со потребите на пазарот на трудот и средината со цел да се постигне високо квалитетно учење и конкурентност на пазарот на трудот. Преку поставените задачи во Годишната програма на училиштето доаѓа до остварување на воспитно-образовниот процес во целост, како во програмскиот, така и во организацискиот дел.

Годишната програма за работа на училиштето е заснована врз основа на:

- Законот за средно образование
- Закон за наставници и стручни соработници во основно и средно образование
- Статутот на училиштето
- Годишниот извештај за работа на училиштето за претходната учебна година
- Развојниот план на училиштето- приоритетните подрачја во работата на училиштето
- Извештајот од самоевалуацијата на училиштето

# 1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА УЧИЛИШТЕТО

## 1.1 Општи податоци

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | Државно средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука „Коле Неделковски“ |
| **Адреса на училиштето, општина** | Ул. Андон Шурков бр. 4а,1400 Велес |
| **Телефон** | ++389 (0) 43 231 446 |
| **Факс** | ++389 (0) 43 235 086 |
| **E-mail** | **kolenedelkovski@yahoo.com**, |
| **WEB** | **www.kolenedelkovski.edu.mk** |
| **Основано од** | Општина Велес,1965 |
| **Година на изградба** | 1963/1982 |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | македонски јазик |
| **Училиштето работи во смени, број на смени** | две смени |
| **Број на паралелки** | 36 |

## 1.2 Органи на управување и раководење, стручни органи и ученичко организирање на учениците

Орган на управување во училиштето е **училишниот одбор**, истиот го сочинуваат следните членови:

| Р.б. | Име и презиме | Претставник од: |
|---|---|---|
| 1. | Магдалена Иванова | училиште-претседател |
| 2. | Горан Богоевски | училиште-член |
| 3. | Елена Јосифоска | училиште-член |
| 4. | Орданче Амбарков | училиште-член |
| 5. | Наташа Цветковска | претставник од МОН |
| 6. | Верица Малинова | претставник од Совет на родители |
| 7 | Роберто Шаќиров | претставник од Совет на родители |
| 8. | Александра Стојановска | претставник од Совет на родители |
| 9. | | Претставник делегиран од Влада на РСМ |
| 10. | | Претставник делегиран од Влада на РСМ |
| 11. | | Претставник делегиран од Влада на РСМ |
| 12 | Бојана Димовска | Преставник од Стопанска комора |

**Членови на Совет на родители**

| Р. б. | Име и презиме | Претставник од паралелка |
|---|---|---|
| 1. | | Паралелка 1-1* |
| 2. | | Паралелка 1-2* |
| 3. | | Паралелка 1-3* |
| 4. | | Паралелка 1-4* |
| 5. | | Паралелка 1-5* |
| 6. | | Паралелка 1-6* |
| 7. | | Паралелка 1-7* |
| 8. | | Паралелка 1-8* |
| 9. | | Паралелка 1-9* |
| 10, | | Паралелка 1-10* |
| 11. | Никола Димов | Паралелка 2-1 |
| 12. | Наташа Цанева | Паралелка 2-2 |
| 13. | Катерина Димовска | Паралелка 2-3 |
| 14. | Даниела Коцевска | Паралелка 2-4 |
| 15. | Ацо Петрушевски | Паралелка 2-5 |
| 16. | Биљана Аџиевска | Паралелка 2-6 |
| 17. | Анета Саздовска | Паралелка 2-7 |
| 18. | Весна Јанковска | Паралелка 2-8 |
| 19. | Милка Јовановска | Паралелка 2-9 |
| 20. | Оливера Стојановска | Паралелка 2-10 |
| 21. | Катерина Угриновска | Паралелка 3-1 |
| 22. | Маргарита Симонова | Паралелка 3-2 |
| 23. | Цамовиќ Садија | Паралелка 3-3 |
| 24. | Маја Гавазова | Паралелка 3-4 |
| 25. | Маја Пасковска | Паралелка 3-5 |
| 26. | Ана Љуткова | Паралелка 3-6 |
| 27. | Весна Николова | Паралелка 3-7 |
| 28. | Катерина Вујиновиќ | Паралелка 3-8 |
| 29. | Кристијан Каџбанов | Паралелка 3-9 |
| 30. | Викторија Глигорова | Паралелка 4-1 |
| 31. | Елена Илијевска | Паралелка 4-2 |
| 32. | Роберто Шаќиров | Паралелка 4-3 |
| 33 | Александра Стојановска | Паралелка 4-4 |
| 34 | Верица Малинова | Паралелка 4-5 |
| 35 | Спасе Пеовски | Паралелка 4-6 |
| 36 | Мануела Илчевска | Паралелка 4-7 |

** Членовите на Совет на родители ќе бидат одредени по одржување на родителските средби*

***-Наставнички совет***

Наставничкиот совет го сочинуваат наставниците и стручните соработници во училиштето. Наставничкиот совет дава мислења по предлогот на годишната програма за работа и го следи нејзиното извршување, го разгледува и утврдува успехот на учениците и работата на други стручни органи, го разгледува остварувањето на планот и програмата и презема мерки за нивно извршување, донесува одлуки по приговори на ученици за утврдени оценки, го разгледува извештајот за извршен стручен надзор, предлага соодветни мерки и - врши и други работи утврдени со законот за средно образование и статутот на училиштето.

***- Стручни активи***

Стручните активи се работни тела составени од наставници од исти или сродни наставни предмети. Стручните активи ќе работат според утврдени програми за работа на почетокот на учебната година. Во училиштето функционираат четири активи:

| | |
|---|---|
| Општествено - јазичен | Мариче Стојанова |
| Природно математички актив | Биљана Ивева |
| Машински актив | Сашо Ѓоргов |
| Електротехнички актив | Даниел Здравевски |

***- Членови на ученичка заедница***
Во ученичката заедница на училиштето се вклучени 36 ученик, односно по еден претставник од секоја паралелка.

***- Инклузивен тим на училиштето***
Инклузивниот тим на училиштето се состои од седум членови. Во него се вклучени:
-директорот на училиштето
-педагошко психолошката служба
-двајца наставници
-двајца родители и
-специјален едукатор и рехабилитатор

# 2. ПОДАТОЦИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО

## 2.1 Мапа на училиштето




*-План на простории*




WC
1-01
1-12
1-07
1-06
1-05
1-04
1-03
1-02
1-11
1-10
1-09
1-08
Директор
Педагог
Психолог
Наставничка канцеларија
ЛЕГЕНДА НА ПОВРШИНИ
ОСНОВА НА ПРВ КАТ


ПИНГ ПОНГ
0-20
0-21
Машинска работилница
0-28
Спортска сала
0-19
0-22
Мултифункционална
0-23
WC
0-25
Сала за презентација
0-24
0-26
0-01
0-16
0-17
0-18
0-27
0-07
0-06
0-05
0-04
0-03
0-02
0-15
0-14
0-13
0-12
Секретар
Учебници
Библиотека
ЛЕГЕНДА НА ПОВРШИНИ
ОСНОВА НА ПРИЗЕМЈЕ




## 2.2 Податоци за училишниот простор

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | Една |
| **Површина на објектот**<br>**Површина на училишен двор** | 6 800 $m^2$<br>5182 $m^2$ |
| **Број на катови** | Подрум+приземје+2 ката |
| **Број на училници** | - 35 кабинети според стандарди пропишани од соодветните струки;<br>- 1 специјализирана машинска работилница со помошни простории;<br>- 11кабинети од машинската, електротехничката, сообраќајна и угостителска струка за практична настава;<br>- тренинг центар во склоп на машинска работилница |
| **Број на помошни простории** | 8 |
| **Училишна библиотека** | 1 |
| **Број на спортски сали и спортски терени, патеки** | 1+3 (за футсал, одбојка, кошарка) +1 патека за лесно рекреативно трчање |
| **Училишна библиотека** | 1 |
| **Канцеларии** | 7 |
| **Начин на загревање** | Сопствен топловоден систем |
| **Тип на градба** | Тврда градба |

### 2.3 Простор, опрема и наставни средства

***Кабинети за електро-технички наставни предмети и опрема за изведување на наставата***

Во електротехничката струка опфатени се следните функционални простории со специфична опрема:

- пет кабинета за испитување на електрични машини опремени со пултови (пултовите се опремени со статични амперметри, волтметри, фрекфенциометри и електрични броила). Напојувањето е со еднонасочен, еднофазен и трифазен напон и со сите пропратни инструменти за соодветните профили.
- кабинети со комплетна информатичка опрема.
- авто-електричарска работилница.
- кабинет за електроника, со програмибилни единици за контрола и водење на работни процеси во индустрија.
- кабинети за настава по информатика и техничко цртање
- кабинет за реализирање на програмата за Мултимедија и Веб програмирање

***Кабинети за машински наставни предмети и опрема за изведување на наставата***

Во машинската струка опфатени се следните функционални простории со специфична опрема:

1.Машинска работилница составена од:

- стругарско одделение
- машино-браварско одделение
- заварувачко одделение
- ковачко одделение
- училница за теоретска настава
- магацин со алатница и машински кабинети

2. Автомеханичарска работилница
3. 2 (два) кабинети за практична настава за образовниот профил автомеханичар
4. Кабинет за НУМА со одделение за роботика
5. Кабинет за 3Д моделирање
6. Кабинети со комплетна информатичка опрема во мрежна врска со интернет конекција

Машинската работилница е опремена со: стругови, глодалки, дупчалки, рендосалки, брусилки, заварувачки апарати, механички преси, машински прибор и алат, автомеханичарски алат и прибор, метална количка, брусилка, рачен циркулар, бормашина, мерна опрема (дигитален и обичен шублер, микрометар), менгемиња, гранитна плоча, заштитни очила и антифони, модел на мотор со внатрешно согорување, клима уред, соларен колектор. Кабинетот за НУМА е опремен со роботи, дидактички NC-дидактички струг , CNC дидактичка машина(струг и глодалка). Кабинетите во машинската струка се опремени со табли за цртање, компјутери и други видови опрема и машини, маси, ормани, полици, табла за пишување, флипчарт

***Кабинет за угостителски стручни предмети и опрема за изведување на наставата***

Училиштето располага со еден кабинет за изведување на практична настава од угостителско туристичка струка. Кабинетот е опремен со работни маси и витрини, бојлер, печка, конвектомат, електричен шпорет, ладилник, умивалник, компјутерска опрема, ЛЦД телевизор и ситен инвентар.

***Кабинет за сообраќајни стручни предмет и опрема за изведување на наставата***

Кабинетот за сообраќајни стручни предмети е опремен со ЛЦД, платно, Смарт табла, компјутри за учениците и наставниците, табла, нагледни средства од струката, табли со сообраќајни знаци, царинска и други видови на документација. Во кабинетот е инсталиран и софтвер за царинско работење CASPER

***Кабинети за природно-математички и општествени наставни предмети опрема за изведување на наставата***

Опременоста на кабинетите во кои се изучуваат природно-математички и општествено-јазични предмети од година во година се подобрува. Секој од нив е опремен со опрема специфична за предметот кој се изучува. Сите кабинетите се опремени со ЛЦД со платно, интерактивни табли или ЛЕД ТВ.

Наставата по одредени предмети во рамките на кои се употребуваат компјутерски програми се изведува во кабинетот по информатика со одлични просторни и технички услови. Во кабинетот компјутерите се поврзани во мрежа на рамноправни корисници, при што едниот од нив овозможува пристап на интернет којшто е достапен за учениците и професорите од училиштето.

Сите четири активи располагаат со посебни простории опремена со мебел и компјутер и скенер. Истите се користат за состаноци на активите.

***Податоци за училишната библиотека***

Училиштето поседува и сопствена библиотека. Вкупниот фонд на книги изнесува *11 700* книги. Од нив околу 7 100 наслови се на македонски јазик, а останатите се на српски, хрватски, англиски и француски јазик. Освен тоа има и книги од областа на историја, ликовна уметност, информатиката, филозофија, музичка уметност, спорт и спортски активности и друга стручна литература за наставници и стручни соработници. Истата работи на современ начин со примена на софтвер за евиденција на библиотечен фонд инсталиран на посебен лап топ компјутер,а во нејзината работа е вклучен библиотекар кој се грижи за евиденција и збогатување на фондот на книги. Во склопот на библиотеката во функција е еден фотокопир за потребите на училиштето. Библиотеката работи согласно изготвен распоред.

***Спортска сала***

Во училиштето има спортска сала во која се реализира наставата по предметот Спорт и спортски активности. Истата е опремена со опрема и спортски реквизити. Во склопот на спортската сала функционира и комплетно опремена пинг-понг сала и фитнес сала.

Оваа опременост допринесува не само за развојот на редовната настава, туку и подобри предуслови за вонннаставна воспитно-образовна дејност т.е. работата со надарените и талентираните ученици преку слободните ученички активности.

***Сала за презентација***

Училиштето располага со просторија наменета за потребите на наставниците и учениците. Намената на оваа просторија е за одржување на состаноци, предавања, работилници, семинари и обуки на наставниот кадар.

***Мултифункционална сала***

Мултифункционалната сала е наменета за одржување на настани со присуство на поголем број на учесници.

***Канцеларии***

Вкупниот број на канцеларии во училиштето е 7 и тоа: канцеларија за директор, канцеларија за раководители на смени, канцеларија на педагошко психолошка служба, канцеларија за наставници, канцеларија за секретар/благајник ,канцеларија за јавни набавки и канцеларија за книговодител. Канцелариите се опремени со потребната опрема:компјутери, принтери, скенери, канцелариски мебел и клима уреди.

Училиштето располага со уреден двор, опремен со клупи, летниковец и систем за наводнување, во кој секогаш учениците имаат можност да ги поминат одморите  во пријатен амбиент.

## 2.4 План за обновување, набавка на опрема и други средстава  и адаптација во учебната 2024/25 година

| Што се преуредува или обновува | Намена |
| --- | --- |
| Реконструкција на машинска работилница | За ученици и наставници, реализирање на практична настава од машинска струка |
| Реконструкција на надворешни спортски терени | За наставата по спорт и спортски активности |
| Реконструкција на кровна конструкција | Заштита од прокиснување и заштеда на топлинска енергија |
| Замена на врати | Заштеда на топлинска енергија |
| Реконструкција на ученички тоалети | Подигнување на степен на хигиена |
| Реконструкција на подови во училници | Подигнување на степен на хигиена |
| Поставување на паркет во спортска сала | За наставниците и учениците и подобрување на условите за работа |
| Набавка на ЛЦД телевизор за наставничка канцеларија | Презентации, обуки на наставен кадар |
| Набавка на спортска опрема и реквизити | Реализација на наставата по спорт и спортски активности |
| Набавка на материјали за потребите на практичната настава | Реализација на наставата по практична настава |

## 3. ПОДАТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ И ЗА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО

### 3.1 Податоци за раководните лица

| Бр. | Име и презиме | Позиција | Вид на работен однос | Стаж/години во образовна институција |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Весна Стојанова-Богоевска | директор | Неопределено | 26 |

### 3.2 Податоци за вработени кои ја остваруваат воспитно образовната работа

| Бр. | Име и презиме на стручен соработник/наставник | Позиција, наставен предмет | Вид на работен однос |
|---|---|---|---|
| 1 | Пандорче Јорданова | Педагог | неопределено |
| 2 | Соња Пашоска | Психолог | неопределено |
| 3 | Магдалена Иванова | Наставник по математика | неопределено |
| 4 | Мира Ташкова | Наставник по математика | неопределено |
| 5 | Биљана Ивева | Наставник по математика | неопределено |
| 6 | Славица Карбева | Наставник по математика | неопределено |
| 7 | Ванчо Костадинов | Наставник по информатика | неопределено |
| 8 | Силвана Петрова | Наставник по физика | неопределено |
| 9 | Биологија/Хигиена со екеологија | Наставник по биологија | Определено |
| 10 | Горан Богоевски | Наставник по угостителско стручни предмети | неопределено |
| 11 | Марјан Малинов | Наставник по угостителско стручни предмети | неопределено |
| 12 | Влатко Панов | Наставник по угостителско стручни предмети | неопределено |
| 13 | Угостителско стручни предмети | Наставник по угостителско стручни предмети | определено |
| 14 | Верица Анѓушева | Наставник по англиски јазик | неопределено |
| 15 | Маја Живанова | Наставник по англиски јазик | неопределено |
| 16 | Јордан Палашев | Наставник по англиски јазик | неопределено |
| 17 | Јованче Талаков | Наставник по историја | неопределено |
| 18 | Историја/замена за директор | Наставник по историја | определено |
| 19 | Граѓанско образование | Наставник по граѓанско образование | Определено |
| 20 | Ивана Јанушева | Наставник по македонски јазик и литература | неопределено |
| 21 | Валентина Шкрекова | Наставник по македонски јазик и литература | неопределено |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 22 | Цветанка П. Ѓакова | Наставник по македонски јазик и литература | неопределено |
| 23 | Мариче Стојанова | Наставник по македонски јазик и литература | неопределено |
| 24 | Македонски јазик | Наставник по македонски јазик и литература | определено |
| 25 | Ангелче Гушев | Наставник по спорт и спортски активности | неопределено |
| 26 | Златко Здравковски | Наставник по спорт и спортски активности | неопределено |
| 27 | Леонид Таневски | Наставник по спорт и спортски активности | неопределено |
| 28 | Душан Банев | Наставник по музичка култура | неопределено |
| 29 | Ликовна уметност | Наставник по ликовна уметност | определено |
| 30 | Гордана Мулева | Наставник по електро стручни предмети | неопределено |
| 31 | Даниел Здравевски | Наставник по електро стручни предмети | неопределено |
| 32 | Електро стручни предмети | Наставник по електро стручни предмети | определено |
| 33 | Елена Јосифовска | Наставник по електро стручни предмети | неопределено |
| 34 | Зоран Темелковски | Наставник по електро стручни предмети | неопределено |
| 35 | Љубе Бабунски | Наставник по електро стручни предмети | неопределено |
| 36 | Леонид Кодовски | Наставник по електро стручни предмети | неопределено |
| 37 | Марјанчо Малинов | Наставник по електро стручни предмети | неопределено |
| 38 | Мимоза Панова | Наставник по електро стручни предмети | неопределено |
| 39 | Никола Дечев | Наставник по електро стручни предмети | неопределено |
| 40 | Електро стручни предмети | Наставник по електро стручни предмети | определено |
| 41 | Симонче Мајсторов | Наставник по електро стручни предмети | неопределено |
| 42 | Снежана Софијанова | Наставник по електро стручни предмети | неопределено |
| 43 | Електро стручни предмети | Наставник по електро стручни предмети | неопределено |
| 44 | Електростручни предмети | Наставник по електро стручни предмети | определено |
| 45 | Електростручни предмети | Наставник по електро стручни предмети | определено |
| 46 | Електростручни предмети | Наставник по електро стручни предмети | определено |
| 47 | Боро Ристовски | Наставник по електро стручни предмети | неопределено |
| 48 | Орданче Амбарков | наставник по машински стручни предмети | неопределено |
| 49 | Машински стручни предмети | наставник по машински стручни предмети | определено |
| 50 | Горан Бузалковски | наставник по машински стручни предмети | неопределено |
| 51 | Сашо Ѓоргов | наставник по машински стручни предмети | неопределено |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 52 | Марија Голубовиќ | наставник по машински стручни предмети | неопределено |
| 53 | Валентин Елисковски | наставник по машински стручни предмети | неопределено |
| 54 | Марина К. Филипова | наставник по машински стручни предмети | неопределено |
| 55 | Машински стручни предмети | наставник по машински стручни предмети | определено |
| 56 | Зоран Пасламушков | наставник по машински стручни предмети | неопределено |
| 57 | Илија Танев | наставник по машински стручни предмети | неопределено |
| 58 | Илија Трчилов | наставник по машински стручни предмети | неопределено |
| 59 | Христина Трајкова | наставник по машински стручни предмети | неопределено |
| 60 | Машински стручни предмети | наставник по машински стручни предмети | определено |
| 61 | Катерина Стојадиновиќ | наставник по сообраќајни стручни предмети | неопределено |
| 62 | Марјан Панов | наставник по сообраќајни стручни предмети | неопределено |
| 63 | Мемиќ Митхат | наставник по сообраќајни стручни предмети | неопределено |

### 3.3 Наставници од други училишта

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Методија Бузалковски | Наставник по географија |
| 2 | Македонски јазик и литература | Наставник по македонски јазик и литература |
| 3 | Надица Теова | Наставник по физика |
| 4 | Радмила Андовска | Наставник по организациско однесување |
| 5 | Слаѓана Герасимова | Наставник по психологија |
| 6 | Валентина Дечева | Наставник по француски јазик |
| 7 | Сузана Тасева | Настивник по информатика |
| 8 | Марија Левкова | Наставник по англиски јазик |
| 9 | Спорт и спортски активности | Наставник по спорт и спортски активности |

### 3.4 Податоци за административни службеници

| Бр. | Име и презиме | позиција | Вид на работен однос |
|---|---|---|---|
| 1 | Марија Пупулиева | Секретар | Определено |

### 3.5 Податоци за помошно-технички лица

| Бр. | Име и презиме | позиција | Вид на работен однос |
|---|---|---|---|
| 1 | Дарко Штерјов | хаус мајстор | Определено |
| 2 | Валентино Софијанов | котлар | Неопределено |
| 3 | Ацо Арсов | хигиеничар | Неопределено |
| 4 | Александар Илов | хигиеничар | Неопределено |
| 5 | Звонко Ристовски | хигиеничар | Неопределено |
| 6 | Зоран Тодоровски | ноќен чувар | Неопределено |
| 7 | Маја Карацова | хигиеничар | Определено |
| 8 | Грозданка Наќевска | хигиеничар | Неопределено |
| 9 | Биљана Димчиковска | хигиеничар | Неопределено |
| 10 | Славица Пешова | хигиеничар | Неопределено |
| 11 | Даниел Андреевски | ноќен чувар | Неопределено |

### 3.6 Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

| Наставен и ненаставен кадар | Вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Бошњаци | | Албанци | | Роми | | Турци | | Друго | |
| | | м | Ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **Број на вработени** | **76** | 43 | 32 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Број на наставен кадар** | **61** | 35 | 25 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Број на стручни соработници** | **2** | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Административни соработници** | **1** | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Техничка служба** | **11** | 7 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Директор** | **1** | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

### 3.7 Вкупни податоци за степенот на  образование на вработените

| *Образование* | *Број на вработени* |
|---|---|
| *Високо образование* | ***62*** |
| *Виша стручна спрема* | ***3*** |
| *Средно образование* | ***11*** |

### 3.8 Старосна структура на вработени

| *Години* | *Број на вработени* |
|---|---|
| *20-30* | *3* |
| *31-40* | *17* |
| *41-50* | *34* |
| *51 до пензија* | *23* |

### 3.9 Податоци за ученици

| Број на паралелки и ученици во машинската струка: | | |
|---|---|---|
| **Година на образование** | **Број на паралелки** | **Вкупно ученици** |
| I | 4 | 93 |
| II | 4 | 88 |
| III | 3 | 69 |
| IV | 2 | 36 |
| Вкупно | 13 | 286 |

| Број на паралелки и ученици во електротехничката струка: | | |
|---|---|---|
| **Година на образование** | **Број на паралелки** | **Вкупно ученици** |
| I | 4 | 120 |
| II | 4 | 120 |
| III | 4 | 104 |
| IV | 3 | 78 |
| Вкупно | 15 | 422 |

| Број на паралеки и ученици во училиштето: | | |
|---|---|---|
| **Година на образование** | **Број на паралелки** | **Вкупно ученици** |
| I | 10 | 272 |
| II | 10 | 264 |
| III | 9 | 230 |
| IV | 7 | 176 |

| Број на паралелки и ученици во сообраќајната струка: | | |
|---|---|---|
| **Година на образование** | **Број на паралелки** | **Вкупно ученици** |
| I | 1 | 34 |
| II | 1 | 34 |
| III | 1 | 34 |
| IV | 1 | 33 |
| Вкупно | 4 | 135 |

| Број на паралелки и ученици во угостителско-туристичка струка: | | |
|---|---|---|
| **Година на образование** | **Број на паралелки** | **Вкупно ученици** |
| I | 1 | 25 |
| II | 1 | 22 |
| III | 1 | 24 |
| IV | 1 | 28 |
| Вкупно | 4 | 99 |

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупно** | **36** | **942** |

## 4. МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО

Во однос на материјално-финансиското работење на училиштето се спроведуваат постапки кои се во согласност со законските норми. Училиштето ги информира органите и телата во однос на училишниот буџет и трошењето на редовните состаноци на Наставнички совет, Советот на родители и Училишен одбор.Одговорните лица преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, правичност во распределување на финансиските средства и економичност, а финансиските средства се распределуваат според приоритетите во училиштето. На почетокот на учебната година се прави анализа на потребите на вработените (материјални и нагледни средства, обуки на вработени и сл.), потребите за тековно одржување на училишната зграда, канцелариски материјал и согласно тие потреби и приоритети се прави распределба на финансиските средства. Буџетот се користи за цели кои се фокусирани на квалитетот на наставата, подобрување на квалитетот на наставата, како и развојот на училиштето во целина.

## 5. МИСИЈА И ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

***- МИСИЈА***

Ние сме средина секогаш отворена за создавање и напредување. Користејќи современа образовна технологија, ние обучуваме кадар способен да одговори на современите професионални предизвици. Нашиот центар е промотор на извонредност која ја остварува во текот на својата наставна апликативна дејност преку соработка со реалниот сектор. И конечно, РЦСОО,  е непресушен извор на иновации во сите облици на настава држејќи се до принципот „образование за сите“.

***- ВИЗИЈА***

Да станеме моќен РЦСОО , познат и признат во регионот и во Европа со висококвалитетен образовен процес кој се спроведува преку:
- Обезбедување високо ниво на вработливост на учениците и учесниците во програмите за образование на возрасни од РЦСОО;
- Современи форми на работа со учениците и учесниците во образованието за возрасни;
- Комбинирање и синергија на образовни и производствени активности;
- Реализација на својата дејност по принципите на извонредност;
- Постојано следење, развој и надградба на постоечките и изработка на нови НПП согласно потребите на пазарот на трудот;
- Партнерска соработка со деловни субјекти преку размена на искуства и знаење;
- Создавање конкурентна средина во чии фокус ќе биде квалитетот, но и инклузивноста;
- Креирањевисокопрофесионална училишна култура заснована на взаемно почитување;
- Организација и реализација на екстраинституционални форми на соработка;
- Промоција на духот за перманентен кариерен развој преку перманентна обука;
- Размена на искуства со образовни институции во и надвор од државата;
- Функционална соработка со единиците на локална самоуправа во регионот и пошироко;
- Ефикасна соработка со органи на управа задолжени за СОО и пазарот на трудот;
- Учество во креирање на рамномерен регионален развој и на развојот на единиците на локална самоуправа преку учество во стратешкото планирање

## 6. ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ И ПРИОРИТЕТИ

### 1. Приоритетно подрачје на промени: Постигања на учениците

1.Развојна цел: Вклучување на родителите за поддршка и подобрување на редовноста и дисциплината на учениците.

### 2. Приоритетно подрачје на промени: Поддршка на учениците

1.Развојна цел: Едукација на учениците за грижа и заштита од болести

### 3. Приоритетно подрачје на промени: Ресурси

1.Развојна цел: Обучување на наставниот кадар и педагошко психолошка служба за нивно стручно усовршување, професионален развој и кариерно напредување

## 6.1 Акциски планови

| Година 2024/2025 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задача** | Активности | Временска рамка (месец) | | | | | | | | | | | | Носител | Начин на спроведување (ресурси) | Инструменти | Очекувани резултати | | |
| | | 9 | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | | | | | Одг. лице | √ x |
| **1. Вклучување на родителите за поддршка на квантитетот на редовноста** | Навремено евидентирање на изостаноците на учениците; | | X | X | X | X | X | X | X | X | | | | Психолог, педагог,класни раководители,совет на родители, директор | Редовно евидентирање во е дневник, навремено информирање на родителите, почитување на правилникот за изрекување на педагошки мерки, советување на родители и ученици | Извештаи од секој класификационен период, тримесечни и полугодишни, покани, записници | Зголемена редовност на наставата од страна на учениците, Зголемена заинтересираност за соработка родител-училиште, Намалување на бројот на изостаноци | Директор | |
| | Навремено информирање на родителите; | X | X | X | X | X | X | X | X | X | | | | | | | | | |
| | Навремено превземање на соодветни педагошки мерки | X | X | X | X | X | X | X | X | X | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Идентификување на ученици кои нередовно ја следат наставата<br><br>Зголемување на соработката со родителите чии ученици се нередовни<br><br>Соработка со Центар за социјални работи | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | | Класни раководители, предметни наставници, педагошко психолошка служба | Индивидуални разговори со ученици<br>Запознавање на учениците и нивните родители со правилникот за изрекување на педагошки мерки, Запознавање и информирање и барање помош од страна на ЦСР | Записници од водени разговори со ученици и родители, покани до родители, известувања до ЦСР | Подобрување на успехот на учениците и намалување на бројот на ученици со намалено поведение | Класен раководител Педагог, психолог | |
| **Организација на трибини и предавања** | Реализација на програмата за Грижа за здравјето на учениците<br><br>Реализација на програмата за грижа за ментално здравје на учениците<br><br>Изготвување на календар на активности | | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | | Наставници, педагог, психолог, Центар за јавно здравје Велес, родители, ученици | Активностите ќе се реализираат согласно календарот и програмите.Активностите ќе ги реализираат во координација со одговорниот наставник | Извештаи од реализирани трибини и предавања, план и календар за активности | Зголемена грижа за сопственото здравје од страна на учениците, зголемена грижа за хигиената во училиштето | Златко Здравковски | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Изготвување на Програма за професионален развој и стручно усовршување на наставниот кадар и стручните активи** | Изготвување на личен план за професионален развој<br><br>Анализа на потребите на наставниците по активи<br><br>Издвојување на приоритети<br><br>Одобрување на приоритетите од страна на директор<br><br>Доставување на Програма до ЦСОО | X | X | | | | | | | | | | | Претседатели на активи, Тим за професионален развој на наставници истручни соработници | Прибирање и евидентирање на Личен план за професионален развој на сите наставници и стручни соработници Средби на активи, Изготвување на Програма | Изготвен Личен план и Програма на ниво на училиште, записници од активи | Избор на соодветни обуки за секоја струка, дисеминација на обуки, интерни обуки и подобрување на квалитетот на наставата | Тим за професионален развој | |
| **Стручно усовршување на наставниот кадар и стручната служба** | Следење на обуки<br><br>Дисеминација на обуки<br><br>Организирање на интерни обуки | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | Провајдери, наставници,ЦСОО | Следење на обуки | Извештаи од учество на обуки | Подобрување на квалитетот на наставата, стручно усовршување на наставниот кадар и стручната служба, професионален и кариерен развој | Тим за професионален развој | |

## 6.2 План за евалуација на акциските планови

**Инструменти**

Најчесто планирани и користени инструменти за евалуација на акциските планови се анкетите, работилници, скалите на проценка, прашалниците, интервју, протоколи за набљудувања и опсервации и усните изјави и согледувања. Акциониот план се реализира, преку зацртани активности, работилници, предавања, обуки, семинари, извештаи, отворени денови, акции, изготвени програми, распореди и сл. Секоја планирана активност од Развојниот план, е испланирана со критериум за успешност, кој се мери преку соодветни инструменти.

**Индикатор за успешност**

Приложување докази, преку кои потврдуваме дека посакуваните резултати се постигнати. Индикатор за нашата успешност се редовната и објективна примена на разновидни (вообичаено интерно креирани алатки) анкети, прашалници за согледување на ефектите, скенирање на состојбите, преку изработка на SWOT анализа и преку константно преиспитување на приложените индикатори за успешност кои се наменети за секоја зацртана активност.

**Одговорен за следење**

Се состои од методи на следење на реализираните активности од планот на активности и евалуирање на постигнатите резултати со користење на индикатори за реализираните активности. Следењето на реализацијата на активностите ќе се одвива континуирано преку целата учебна година од страна на директорот, педагошко-психолошката служба, претседателите на активи, училишен одбор, училишни тимови, наставници, ученици, совет на родители. Следењето и евалуацијата ќе се реализираат преку непосредни педагошки увиди, изготвување извештаи, анкетирање, анализи, информации, периодични писмени согледувања, полугодишен и годишен извештај и слично, нивно разгледување и донесување заклучоци и ставови по истите.

**Повратна информација**

Даваме информациите за постигнувањата, добиените искуства и извлечените поуки од нив, а со цел подобрување на успехот, мотивацијата, самостојноста во водење на учењето, вреднување на напредокот на учениците, наставниците и училиштето. Училиштето и вработените добиваат континуирано повратни информации за ефективноста и ефикасноста од реализираните активности преку писмените извештаи подготвени од носителите на активностит

# 7. ПРОГРАМИ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

## 7.1 Календар за организација и работата во училиштето

Врз основа на член 23 став 5 од Законот за средно образование, Министерството за образование и наука донесе Календар за организација на учебната 2024/25 година во јавните средни училишта. Со овој календар се уредува организирањето на учебната година.

Учебната година во јавните средни училишта започнува на 2 септември 2024 година, а завршува на 31 август 2025 година. Наставната година започнува на 2 септември 2024 година, а завршува на 10 јуни 2025 година, освен за учениците од завршната година за кои редовната настава завршува на 16 мај 2025 година.

Наставната година ја сочинуваат две полугодија I и II полугодие. Првото полугодие започнува на 2 септември 2024 година и завршува на 30 декември 2024 година. Второто полугодие започнува на 20 јануари 2025 година и завршува на 10 јуни 2025 година.

Во текот на учебната година учениците користат зимски и летен одмор. Зимскиот одмор започнува на 31 декември 2024 година и завршува на 19 јануари 2025 година. Летниот одмор започнува на 11 јуни 2025 година и завршува на 31 август 2025 година.

Воспитно-образовната работа за учениците се организира во текот на целата работна недела. Во текот на наставната година во завршните години на образование се остваруваат најмалку 166 наставни денови, а за сите останати години на образование е остваруваат најмалку 180 наставни денови.

***Календар со организација***

| **19 мај-30 мај 2025** | **Организација на подготвителна настава за ученици од завршни паралелки** |
|---|---|
| **19 мај-30 мај 2025** | Поправни испити, испити на година за ученици од завршни години |
| **12 јуни-25 јуни** | Организација на подготвителна настава за ученици од незавршни паралелки |
| **12 јуни-25 јуни** | Поправни испити, испити на година за ученици од незавршни години |
| **16-25 јуни 2025** | Организација на подготвителна настава и поправни испити за ученици од завршни паралелки за кои ќе полагаат матура или завршен испит во августовска испитна сесија |
| **11 август-20 август 2025** | Организација на подготвителна настава за ученици од не завршни паралелки |
| **11 август-20 август 2025** | Поправни испити, испити на година за ученици од не завршни години |
| **31 мај 2025** | Македонски јазик и литература-државна матура |
| **11 јуни 2025** | Странски јазик-државна матура |
| **12 август 2025** | Македонски јазик и литература-државна матура |
| **14 август 2025** | Странски јазик-државна матура |
| **17-27 јуни 2025** | Интерни испити од изборниот дел на државна матура |
| **15-20 август 2025** | Интерни испити од изборниот дел на државна матура |
| **1 април до 15 мај 2025** | Презентација и одбрана на проектна задача |
| **19-26 август 2025** | Презентација и одбрана на проектна задача |
| **13 јуни 2025** | Македонски јазик и литература, завршен испит за четиригодишнои тригодишно образование |
| **15 август 2025** | Македонски јазик и литература, завршен испит за четиригодишно и тригодишно образование |
| **16-25 јуни 2025** | Изборни предмети завршен испит четиригодишно |
| **15-20 август 2025** | Изборни предмети завршен испит четиригодишно |
| **Термини утврдени од УМК** | Индивидуална практична работа во тригодишно образование |

***- Календар со работни и неработни денови***

| **2024** | **I полугодие** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Работни денови*** | **Септември** | | | | | **Октомври** | | | | | **Ноември** | | | | | **Декември** | | | | | Вк. |
| понеделник | 2 | **9** | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 4 | 11 | 18 | 25 | 2 | **9** | 16 | 23 | 30 | **16** |
| вторник | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 5 | 12 | 19 | 26 | 3 | 10 | 17 | 24 | **31** | **17** |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| среда | 4 | 11 | 18 | 25 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 4 | 11 | 18 | 25 | | **16** |
| четврток | 5 | 12 | 19 | 26 | | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 5 | 12 | 19 | 26 | | **17** |
| петок | 6 | 13 | 20 | 27 | | 4 | 11 | 18 | 25 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 6 | 13 | 20 | 27 | | **16** |
| **Вкупно денови** | **20** | | | | | **21** | | | | | **21** | | | | | **20** | | | | | **82** |

| **2025** | **II полугодие** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Работни денови*** | **Јануари** | | **Февруари** | | | | **Март** | | | | | **Април** | | | | | **Мај** | | | | | **Јуни** | | Вк. |
| понеделник | 20 | 27 | 3 | 10 | 17 | 24 | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 5 | 12 | 19 | 26 | 2 | 9 | **19** |
| вторник | 21 | 28 | 4 | 11 | 18 | 25 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 3 | 10 | **21** |
| среда | 22 | 29 | 5 | 12 | 19 | 26 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 4 | | **20** |
| четврток | 23 | 30 | 6 | 13 | 20 | 27 | 6 | 13 | 20 | 27 | | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 5 | | **19** |
| петок | 24 | 31 | 7 | 14 | 21 | 28 | 7 | 14 | 21 | 28 | | 4 | 11 | 18 | 25 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 6 | | **18** |
| **Вкупно денови** | **10** | | **20** | | | | **20** | | | | | **20** | | | | | **21** | | | | | **6** | | **97** |

**Неработни денови**

8 септември (недела) , односно 9 септември (понеделник) - Ден на независноста на РСМакедонија
11 октомври (петок), Ден на народното востание
23 октомври (среда), Ден на македонската революционерна борба
8 декември недела) , односно 9 декември (понеделник) - „Св. Климент Охридски“
30 март (недела) , односно 31 март (понеделник) -Рамазан Бајрам
18 април (петок), Велики петок
21 април (понеделник) , Втор ден Велигден
1 мај (четврток), Ден на трудот
6 јуни (петок), прв ден Курбан Бајрам; Духовден

| | |
|---|---|
| **понеделници** | **35** |
| **вторници** | **38** |
| **среди** | **36** |
| **четвртоци** | **36** |
| **петоци** | **34** |
| **ВКУПНО** | **179** |

Во текот на наставната година ќе се одбележат:

2 Септември - одбележување на смртта на Патронот на училиштето со пригодни активности
13 или 16 Декември - Денот на училиштето ќе се организираат културни, спортски и други манифестации
***- еколошки календар***

| | | | |
|---|---|---|---|
| 16 септември | Светски ден на заштита на озонската обвивка | 22 септември | Меѓународен ден без автомобили |
| 8 октомври | Меѓународен ден за намалување на уништување на природата | 15 октомври | Меѓународен ден на пешаците |
| 16 октомври | Меѓународен ден на храната | 5 март | Светски ден на заштеда на енергија |
| 22 март | Светски ден на заштеда на водите | 7 април | Светски ден на здравјето |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 31 мај | Светски ден против пушењето | 15 јуни | Светски ден на заштита на животната средина |
| Еко акции - се реализираат два пати во текот на една учебна година | | | |

## 7.2 Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часови

| Паралелка | Образовен профил | Број на ученици | Класен раководител |
|---|---|---|---|
| **I-1** | Машински техничар/Техничар за производно машинство | 22 | Марина К. Филипова |
| **I-2** | Машински техничар за моторни возила | 17 | Илија Танев |
| **I-3** | Техничар за компјутерско управување | 33 | Наталија Ашиковска |
| **I-4** | Автомеханичар/Заварувач | 21 | Илија Трчилов |
| **I-5** | Готвач /Келнер | 25 | Кристинка Пачукова |
| **I-6** | Техничар за транспорт и шпедиција | 34 | Катерина Стојадиновиќ |
| **I-7** | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | 34 | Цветанка Ѓакова Панова |
| **I-8** | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | 34 | Магдалена Иванова |
| **I-9** | Електротехничар за електроника и телекомуникации | 31 | Пале Јовановска |
| **I-10** | Електротехничар-енергетичар/Техничар за индустриска мехатроника | 21 | Мира Ташкова |
| **II-1** | Машински техничар/Техничар за производно машинство | 25 | Сашо Ѓоргов |
| **II-2** | Машински техничар за моторни возила | 16 | Валентин Елисковски |
| **II-3** | Техничар за компјутерско управување | 29 | Мариче Стојанова |
| **II-4** | Автомеханичар/Заварувач | 18 | Славица Карбева Стојковиќ |
| **II-5** | Готвач /Келнер | 22 | Марјан Малинов |
| **II-6** | Техничар за транспорт и шпедиција | 34 | Марјанче Панов |
| **II-7** | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | 34 | Сашко Јовановски |
| **II-8** | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | 34 | Никола Дечев |
| **II-9** | Електротехничар за електроника и телекомуникации | 28 | Елена Миткова Јованова |
| **II-10** | Електротехничар енергетичар/Техничар за индустиска мехатроника | 24 | Снежана Софијанова |
| **III-1** | Машински техничар/Техничар за производно машинство | 22 | Орданче Амбарков |
| **III-2** | Техничар за компјутерско управување/Машински техничар за моторни возила | 25 | Иванче Иванов |
| **III-3** | Автомеханичар/заварувач | 21 | Стојанче Иванов |
| **III-4** | Готвач/Келнер | 24 | Горан Богоевски |
| **III-5** | Техничар за транспорт и шпедиција | 34 | Марија Јанушева |
| **III-6** | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | 34 | Мимоза Пановска Тодорова |
| **III-7** | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | 33 | Марјанчо Малинов |
| **III-8** | Електротехничар за електроника и телекомуникации | 18 | Љубе Бабунски |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **III-9** | Електротехничар енергетичар/Техничар за индустиска мехатроника | 19 | Верица Анѓушева |
| **IV-1** | Машински техничар/Техничар за производно машинство | 22 | Марија Голубовиќ |
| **IV-2** | Техничар за компјутерско управување/Машински техничар за моторни возила | 15 | Зоран Пасламушков |
| **IV-3** | Техничар за транспорт и шпедиција | 33 | Митхат Мемиќ |
| **IV-4** | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | 31 | Даниел Здравевски |
| **IV-5** | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | 33 | Биљана Ивева |
| **IV-6** | Електротехничар енергетичар/Електротехничар за електроника и телекомуникации | 14 | Маја Живанова |
| **IV-7** | Хотелско туристички техничар | 28 | Влатко Панов |

## 7.3 Работа во смени

Наставата ќе се изведува во две смени. Првата смена започнува во 7.15 часот до 13.15 часот, втората смена започнува во 13.30 часот до 19.30 часот. Времетраењето на часовите е 45 минути.

## 7.4 Јазик на кој се изведува наставата

| | Македонски | Албански | Турски | Српски |
|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 36 | / | / | / |
| **Број на ученици** | 942 | / | / | / |
| **Број на наставници** | 61 | / | / | / |

## 7.5 Вид на настава

Настава е развојно-образовен процес кој се одвива плански и организирано под водство на наставникот. Наставата има три основни задачи:

- материјална задача - усвојување на знаења;
- функционална задача - создавање и развој на **способности** и практична примена на стекнати знаења
- воспитна задача - усвојување на **морални** правила, норми на однесување и сл.

Воспитно – образовната дејност во училиштето опфаќа настава што се организира и изведува според наставните планови и програми и воннаставните активности. Според Наставниот план наставата во средно стручно образование ги опфаќа следните видови настава:

- ✓ настава по задолжителни предмети/модули
- ✓ настава по изборни предмети/модули
- ✓ практична настава и вежби
- ✓ учење преку работа кај работодавач
- ✓ феријална практика
- ✓ содржини програмирани од училиштето
- ✓ факултативна настава
- ✓ дополнителна настава,
- ✓ додатна настава
- ✓ продолжителна настава

**Организација на задолжителна настава**

Во учебната 2024/25 година наставата ќе се според модуларни наставни планови и програми. По дуална програма по германски модел наставата ќе се изведува во образовниот профил Техничар за производно машинство и Техничар за индустриска мехатроника .Со зголемен обем на часови по практична настава ќе се изведува настава во образовниот профил :Електротехничар енергетичар, прва, втора и трета година (четиригодишно траење),Машински техничар за моторни возила во прва, втора и трета година(четиригодишно траење),

Заварувач, прва и втора и трета година (тригодишно траење) и Готвач/Келнер во прва, втора и трета година (тригодишно траење). Наставните планови и програми се одобрени од МОН, а по препорака на ЦСОО И БРО. За реализација на наставата се изготвува распоред на часови. Распоредот на часови, распоред на часови за дополнителна и додатна настава ќе бидат доставени како анекс на годишната програма.

***- Изборна настава/модули***

Изборната настава има за цел да го обезбеди влијанието на учениците во дизајнирањето на курикулумот со тоа што самите ќе се определат за содржините што ги задоволуваат нивните посебни интереси за стекнување, проширување и продлабочување на знаењата, како и развивање на способности и вештини. Тие посебни интереси треба да им овозможат на учениците да бидат посоодветно подготвени за полагање на државна матура, завршен испит или поуспешно да се вклучат на пазарот на трудот. Овој вид на настава е задолжителен.
**Врз основа на наставните планови се изготвува листата на изборни предмети од која учениците, според своите потреби еден предмет/модул. Училиштето, согласно изјаснувањата на учениците, ги организира групите за реализација на изборните програми запазувајќи го образовниот минимум при формирање на групите според стандардите за образование и според насоките на Центарот за стручно образование и обука.**

**Во учебната 2024/2025 година ќе се изучуваат следните изборни предмети:**

| Паралелка | Образовен профил | Изборен предмет |
|---|---|---|
| 3-1 | Машински техничар | Физика |
| | Техничар за производно машинство | Организациско однесување |
| 3-2 | Техничар за компјутерско управување | Организациско однесување |
| | Машински техничар за моторни возила | Организациско однесување |

| | | |
|---|---|---|
| 3-5 | Техничар за транспорт и шпедиција | Транспорт и животна средина<br>Безбедност во патниот сообраќај |
| 3-6 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | Мултимедија |
| 3-7 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | Веб програмирање/Мултимедија |
| 3-8 | Електротехничар за електроника и телекомуникации | Обновливи извори на енергија |
| | | Компјутерски системи-изборен |
| 3-9 | Електротехничар енергетичар | Енергетска ефикасност |
| | Техничар за индустриска мехатроника | Енергетска ефикасност |

| Паралелка | Образовен профил | Изборен предмет |
|---|---|---|
| 4-1 | Машински техничар | Организациско однесување |
| | Техничар за производно машинство | Организациско однесување |
| 4-2 | Техничар за компјутерско управување | Бизнис и претприемништво |
| | Машински техничар за моторни возила | Бизнис и претприемништво |
| 4-3 | Техничар за транспорт и шпедиција | Интелигентни транспортни системи/Сообраќајна култура |
| 4-4 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | 3Д Моделирање/Програмски јазици |
| 4-5 | Електротехничар за компјутерска техника и автоматика | 3Д Моделирање/Програмски јазици |
| 4-6 | Електротехничар енергетичар | Бизнис и претприемништво |
| | Електротехничар за електроника и телекомуникации | Снимање и монтажа на аудио и видео материјали |
| 4-7 | Хотелско туристички техничар | Одржлив развој во туризмот |

***- Практично образование***

Практичната настава се реализира паралелно со стручно-теоретската настава.

Практичната настава се организира според наставните планови за секој образовен профил. Учениците дел од практичната настава ќе имаат можност да реализираат во специјализирани кабинети за практична настава во училиштето, а дел во компании, работилници, угостителски објекти. Листата на работодавачи на училиштето е проширена и со нив училиштето има потпишано меморандум за соработка а во текот на годината ќе се потпишат и договори за соработка за учебна 2024/25 година.

*- Учење преку работа кај работодавач*

Учењето преку работа е процес на учење што се случува кога учениците вршат реална работа во реална работна средина. Делот од програмите за практична обука, се реализира кај работодавач. Наставата во училиштето по стручно-теоретските предмети претставува подготовка за реализација на Учењето преку работа кај работодавач. Учењето преку работа претставува практична обука на работно место во компанија, занаетчиска работилница и други објекти, која им нуди на учениците стекнување работно искуство во реални услови. Тоа им овозможува знаењето и вештините што се стекнати во училиште да ги поврзат со светот на трудот и идните кариерни можности. Комбинацијата од работа на работно место и стекнувањето на општи и стручно-теоретските знаења во училиштата се задолжителен дел од стручното образование за стекнување образовни квалификации. Учењето преку работа им помага на учениците полесно и побрзо да се вклучат во работниот процес и да ги преземат одговорностите кои произлегуваат од него.

Бројот на денови за овој вид настава е пропишан со наставните планови. Компаниите партнери во дуалното образование за реализација на овој вид на настава имаат обучени ментори кои работат со учениците и истите се сертифицирани од страна на Стопанска комора.

***- Феријална пракса/феријална практика***

Феријалната пракса/практика ќе се реализира според Упатство и програми за реализација на истата. Феријалната пракса/практика учениците ќе ја реализираат по завршување на наставната година, односно за време на летниот распуст. Времетраењето на феријалната практика е во зависност од струката /секторот.

Во исклучителни околности (болест, несреќа) може да се реализира во текот на наредната наставна година, до крајот на првото полугодие. Директорот и координаторот изготвуваат листа работодавачи. Училиштето склучува договори за соработка со работодавачи. Учениците кои живеат во друга општина феријалната практика можат да ја реализираат во својата општина. Бројот на работни денови за феријална практика е утврден во наставниот план за секој образовен профил и наставна година. Ученикот во еден работен ден треба да реализира од 6-8 работни часа.

***- Содржини програмирани од училиштето***

Неговата функција е да ги задоволи поширoките потреби на учениците коишто можат да изберат да изучуваат и други содржини надвор од содржините планирани во задолжителните и изборните програми. Тие, исто така, можат преку овие содржини да се вклучат во активности кои ги организира локалната заедница или да соработуваат со соодветните социјални партнери со цел дополнително да ги развиваат клучните и стручните компетенции за подобро да се вклучат на пазарот натрудот и подобро да ја планираат сопствената кариера. Целите на програмите од подрачјето содржини програмирани од училиштето се да им се излезе во пресрет на учениците од техничкото образование за:

- стекнување, проширување и продлабочување на своите знаења, вештини и компетенции во струката/секторот;
- задоволување на индивидуални образовни и останати потреби;
- соработка со локалната заедница;

- соработка со социјални партнери од соодветна дејност;
- стекнување менаџерски и   водечки вештини во функција наподобрување на стручните компетенции;
- стекнување знаења и вештини за работа во мултикултурна/мултиетничка средина;
- самопроценка на вештини, способности, лични интереси и планирањена сопствената кариера;
- одржлив развој и заштита на животната средина.

Содржините програмирани од училиште ќе се реализираат со учениците од прва, втора и трета година кои следат модуларна настава.

Овие содржини ќе се реализираат со ученици кои следат модуларна настава, 2 часа неделно или вкупно 72.

***- Додатна настава***

Додатната настава се организира за учениците кои сакаат проширување и продлабочување на своите знаења. Целта е да се обезбеди систематска работа со надарените и талентираните ученици и да се придонесе за нивниот развој. Секој наставник од предметот кој го предава изготвува посебна програма наменета за тие ученици. Во групата за додатна настава од определено подрачје ќе можат да се вклучат ученици од иста или различни години на образование. Додатната настава е во функција на развивање на индивидуалните способности, потенцијали и постигања на учениците. Од учениците кои посетуваат додатна настава ќе се делегираат ученици за учество на натпревари. Додатната настава треба да се организира и реализира во насока на зголемување на интересот на учениците за учество во разни натпревари и воннаставни активности како на локално така и на државно ниво. За активностите од додатната настава се изработуваат посебни наставни планирања. Распоредот за додатна настава ќе биде изготвен најдоцна до 20 септември.

***- Дополнителна настава***

Ќе се организира од почетокот на наставната година, односно се изготвува распоред најдоцна до 20 септември. Овој вид настава ќе се реализира за учениците кои од разни причини имаат тешкотии во совладувањето на програмските содржини.
Дополнителната настава се организира за ученици кои покажуваат континуирано слаби резултати во учењето, а особено ако:
- имаат најмалку 2 слаби оценки,
- имаат слаби резултати по одреден наставен предмет,
- отсуствуваат од наставата по одреден наставен предмет и
- на барање на ученикот или неговиот родител, односно старател

Дополнителната настава ќе се реализира според изготвен распоред истакнат до 20-09-2023 година

***- Продолжителна настава***

Продолжителна настава ќе се организира за учениците упатени на поправен испит согласно Календарот за работа по завршувањето на наставната година*.*

***- Индивидуални програми за деца со посебни образовни потреби***

Учениците со посебни образовни потреби се идентификуваат уште на почетокот на нивното образование, односно во прва година. Наставници кои остваруваат настава во паралелки каде што има деца со посебни образовни потреби, се должни да изготват посебни програми за индивидуализирана настава која ќе биде прилагодена на потребите и барањата на овие ученици. Носители на задачата од овие програми се соодветни наставници и инклузивен тим. Во учебната 2024/25 година во училиштето се вклучени два образовни асистенти односно за двајца ученици инклузирани во училиштето а во училиштето има тројца ученици со посебни образовни потреби.

***- Индивидуални програми за надарени и талентирани ученици***

Работа со надарени и талентирани ученици се организира со цел откривање и натамошен развој на учениците со натпросечни општи и посебни способности и создавање услови за нивно понатамошно напредување. Училиштето на овие ученици ќе им овозможи оптимални услови за изразување на нивните способности. Работата со надарените и талентираните ученици од било која област, ќе се реализира преку индивидуална работа во рамките на редовната настава, додатната настава, консултации, работа во групи со исти интереси, преку слободните активности, натпревари и др.

***- Државна матура и завршен испит***

Државната матура и завршниот испит во средното стручно образование е испит со кој ученикот го завршува средното образование.

Државната матура се состои од :
-екстерен задолжителен дел – еден наставен предмет;
-екстерен изборен - еден наставен предмет
-интерен изборен предмет
-интерен стручен предмет
-проектна задача
Проверувањето и оценувањето се врши екстерно и интерно.

Завршен испит во четиригодишно стручно образование се состои од:
- задолжителен дел – еден наставен предмет,
- изборен дел – еден наставен предмет, и
- проектна задача – еден наставен предмет
Проверувањето и оценувањето се врши интерно.

Завршен испит во тригодишно стручно образование се состои од:

- задолжителен дел – еден наставен предмет и
- индивидуална практична работа.

Проверувањето и оценувањето се врши интерно.

***-Употреба на ИКТ во наставата***

ИКТ во наставата се применува со цел да се подигне квалитетот на наставата  и квалитетот на стекнатото знаење. Во реализацијата на наставните содржини примената на ИКТ овозможува употреба на иновативни и креативни техники, методи и форми на наставна работа за реализирање на современ час. Примената на ИКТ е испланирана во сите годишни и тематски планирања за секој наставен предмет.

***-Поврзување на еколошкапрограма со редовната настава***

Еко стандардите или стандарди за одржлив развој, се водич за нашата образовна институција при создавање на полиса за подигање на еколошката свест на учениците, вработените и пошироко. Овие стандарди содржат јасно поставени цели кои носат и конкретни резултати. Со реализација на определените точки за акција од еко стандардите можеме да извршиме и конкретни промени во средината, а кои доведуваат и до финансиски заштеди. Воведени се  теми со еколошки содржини како основа за поврзување на праксата со теоријата и приближување на еколошките содржини и еколошките проблеми до учениците. Во рамките на наставните програми и наставните содржини наставниците ги поврзаа еколошките теми - содржини со нивната наставна програма.

## 8. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

*Училишен спорт*

Реализацијата на училишните спортови треба да придонесе во развивањето на свесноста кај учениците за потребата од здрав начин на живот и полезноста од спортските активности. Учество во спортски манифестации учениците ќе имаат со следните спортови: футсал, кошарка, ракомет и пинг-понг.

Одговорни-наставници по спорт и спортски активности.

Дебатен клуб

Дебатата е успешна и популарна метода во образовните институции бидејќи ги анализира проблематиките на денешницата (актуелностите) низ спротивставени ставови и овозможува да се збогати знаењето на учениците и унапредување на разбирањето за реалноста во која живееме. Целта е кај ученикот да го развие критичкото размислување и способноста за рационално расудување, кој во судирот на аргументи, мислења и ставови ќе се обиде да ја реши зададената проблематика или прашање. *Работилниците ќе се организираат еднаш неделно еднаш во неделата по сопствена координација со заинтересираните ученици.*

Одговорни-наставниците по граѓанско образование

*Секции и слободни ученички активности*

Секциите и слободните активности имаат цел да создадат услови за стекнување поширoки и продлабочена база на знаења, и градење самодоверба кај учениците во примената на истите. Во рамките на слободните ученички активности во училиштето постојат и работат секции по различни предмети кои својата работа ја извршуваат според програмите за работа на секциите кои ги доставуваат до педагошката служба.

-драмска, рецитаторска и литературна секција-одговорни, наставници по македонски јазик и литература
-секција за странски јазици, одговорни наставници по странски јазици
-музичка секција-одговорен наставник по музичка култура
-математичка секција-одговорни, наставници по математика
-фотографска секција-одговорни наставници Сашо Ѓоргов и Јордан Палашев
-историска секција-одговорни наставници по историја
-секција по физика-одговорен наставник-Силвана Петрова
-АРДУИНО-одговорен професор Марјанчо Малинов
-Мултимедија-Гордана Мулева
-секција за прва помош-Златко Здравковски/Горан Богоевски

## 9. УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО

*Класна заедница*

Класната заедница ја сочинуваат сите ученици во паралелката.Претседателот на класната заедница го избираат учениците кои ја чинат класната заедница, на непосреден избор со тајно гласање.Претседателот на класната заедница има мандат од една учебна година, со право на реизбор.Негови надлежности се: преставување на учениците пред ученичката заедница, информирање на учениците за активностите на ученичката заедница, присуство на родителски средби, решавање на спорови, соработка со претседатели од други класови.Во неговата работа му помага заменик-претседател.

Ученичка заедница-облик на организирање на учениците на ниво на училиште, составена од претседателите на класните заедници.Конститутивната седница ќе се одржи последната работна недела во месец септември. Седниците ќе се одржуваат најмалку еднаш во текот на месецот. Ученичката заедница:ќе дава предлози и мислење до УО,Совет на родители, стручни органи на училиштето, директорот на училиштето, активно ќе учествува во процесот на планирање и развој на училиштето, активно учество во промовирање, заштита и застапување на правата на учениците, ќе го промовира ученичкиот активизам преку разни содржини(дискусии, дебати, хуманитарни и еколошки акции, културни и спортски манифестации)

*Општествено корисна и хуманитарна работа*

Општествено корисна и хуманитарната работа има за цел кај учениците да развие чувство за солидарност и хуманост, љубов и позитивен однос кон работата, чувство за одговорност, навика за одржување на чиста и здрава околина. Општествено корисната и хумана работа е важен дел од едукацијата на учениците во училиштето, со вклучување во различни активности од ваков карактер како: одржување на училниците, ходниците, училишниот инвентар и другите површини, посета на спомениците на културата и историските знаменитости, крводарителски акции, собирни акции за облека, храна и слично.

Време на реализација: во текот на учебната година.

Носители: ученици, предметни наставници и сите вработени

## 10. ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

*Ученички екскурзии*

*За реализација на ученичките екскурзии училиштето ќе постапува според Правилник* за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта.Во текот на годината ќе се реализираат следните активности со цел успешна реализација на планираните екскурзии за учениците од прва, втора и трета година:

1.Изготвување на програми за ученичките екскурзии и одредување на одговорни наставници за реализација

2.Разгледување и усвојување на програмите од страна на Наставнички совет, Совет на родители и Училишен одбор

3.Доставување на програмите до БРО и добивање на согласност за нивна реализација

4.Спроведување на постапка за прибирање и разгледување на понуди и избор на најповолен понудувач

5.Реализација на програмите

Сите планирани активности поврзани со екскурзиите и нивната реализација ќе зависат од состојбата со пандемијата. Училиштето ќе постапува согласно препораките дадени од МОН.

## 11. НАТПРЕВАРИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

Ученичките натпревари се вид на активност прреку кои еден ученик или група на ученици се трудат подобро или побрзо да постигнат што подобри воспитно-образовни резултати. Со цел да се презентираат постигнувањата во наставно-воспитната работа и вонnаставните активности, училиштето ќе организира вакви активности на ниво на училиште, ќе земе активно учество на натпревари на ниво на регион и во рамките на држават, огранизирани од страна на ЦСОО, Здружение на електромашински и сообраќајни училишни центи, акредитирани здруженија од областа на математиката, физиката, странските јазици и др. Учениците од ова училиште ќе земат учество на сите натпревари, како и на приредби, манифестации, конкурси и други организирани активности.

## 12. УНАПРЕДУВАЊЕ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ/ИНТЕРКУЛТУРАЛИЗМОТ И МЕЃУЕТНИЧКАТА ИНТЕГРАЦИЈА

Во училиштето ќе се реализираат активности кои ќе дадат придонес во унапредувањето на мултикултурализмот и меѓусебното почитување. Учениците ќе учат за толеранција, почитување на различностите и негување на вредностите на заедничко живеење во мултиетничко општество. Проектот МИМО ќе се спроведува преку самостојни и заеднички активности со ОСТУ„Наце Буѓони“ од Куманово.

Членови на тимот за МИМО:
Мира Ташкова-координатор на тимот
Соња Пашоска-член
Пандорче Јорданова –член
Јордан Палашев-член
Митхат Мемиќ-член
Валентин Елисковски-член
Марија Голубовиќ-член
Професор по угостителски стручни предмети -член

## 13. ПРОЕКТИ ШТО ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ

Во текот на учебната 2024 /2025 година училиштето ќе продолжи со реализација на активности од веќе постоечките проекти, а ќе работи на вклучување во нови проекти преку проектни апликации.

**1. Проект за меѓуетничка интеграција на младите во образованието**

Проектот е со основна цел да ги зближи учениците од различна етничка припадност. Проектот е планиран за реализација во мултиетнички училишта, односно училишта каде се школуваат ученици од разична националност, при што Министерството за образование и наука, поддржува активности, како спортски натпревари и работилници за меѓуетничко зближување. Носители на активностите е тимот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието. Тимот има изготвено програма во која се предвидени сите активности. Планирани се самостојни и заеднички активности со партнер училиштето ОСТУ„Наце Буѓони“-Куманово.

**2. Меѓународна соработка со Република Србија**

Проект за размена на искуства, практики и учество во заеднички меѓународни проекти во соработка со збратименото техничко училиште од Власотинце, Република Србиј а и Политехничка школа од Пожаревац.

**3. Меѓународна соработка со Република Полска**

Проект за размена на искуства и практики во соработка со збратименото училиште „Станислава Сташица“ од Новоградд Република Полска. Согласно со политиките за реализација на образовниот процес, соработката ќе продолжи преку користење на сите расположливи

медиумски средства и интернет ресурси, за одржување на процесот на изградената меѓународна соработка. Во месец мај ученици и наставници од нашето училиште би имале можност да го посетат партнер училиштето во Р Полска, а во истовреме ученици од збратимено училиште, ученици и наставници да го посетат нашето училиште.

**4. Проекти од програмата на Фондот за инвоации и технолошки развој „Предизвик за млади истражувачи“, планирани да се реализраат во уч.2024 / 2025 г.**

Дел од активностите на овој проект се реализирани во претходната учебна година а во 24/25 година учесниците во овој проект ќе продолжат со предвидените активности

## 14. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 14.1 Постигнување на учениците

Во текот на учебната година постигањата на учениците континуирано ќе се следат и вреднуваат по класификациони периоди. Навремено ќе се преземаат мерки за подобрување, редовно ќе се одржува и следи дополнителната и додатната настава, почеста комуникација со родителите за информирање на нивниот напредок и што треба да се преземе за негово подобрување, индивидуални разговори со ученикот, наставникот и стручниот соработник и сл. Значајно е и тоа што ќе се применуваат соодветни инструменти за вреднување и следење на постигањата на учениците, ќе се организираат училишни натпревари во кои до израз ќе дојдат способностите и знаењата на учениците, но истовремено учениците ќе се пофалуваат и наградуваат.

## 14.2 Превентивни програми

Во училиштето ќе реализираат активности од програми за информирање и превенирање од насилно однесување и видови на насилство, последици и злоупотреба на дрога и алкохол, превенција од преносливи болести. Еден од приоритетите во нашето училиште е да обезбедиме колку што е можно поголема заштита и безбедност на учениците и на вработените. Постојат пропишани мерки за безбедност на учениците кои се однесуваат на безбедноста во самата училишна зграда, како и безбедноста во училишниот двор, за време на одморите. Редовно се одвиваат дежурства на учениците и наставниците,според однапред направен распоред.

Училиштето има изработено План за заштита и спасување кој предвидува заштита на учениците и вработените во училиштето од елементарни непогоди.

## 14.3 Позитивна социо-емоционална клима

Еден од приоритетите на училиштето е создавање на позитивна социоемоционална клима како помеѓу вработените така и помеѓу учениците. Во училиштето да постои позитивна работна атмосвера и меѓусебно почитување. Сето ова ќе се постигне преку организирање на интерактивни работилници спроведени од страна на педагошко психолошката служба во соработка со наставниците, учениците и родителите. Целта е да се обезбеди почитување на личноста - негување на слободата за изразување, остварување на правото на барање, примање и давање информации, интерактивен однос, меѓусебна доверба, почитување на мислењата на сите, еднаквост и правичност без предрасуди.

## 14.4 Грижа за здравјето

Физичкото и психичкото здравје на учениците е основна претпоставка за нивна успешна работа и напредување. Одделни задачи и содржини од ова подрачје се опфатени со програмите по предметите спорт и спортски активности, а дел од активностите ќе се реализираат и преку воннаставните активности, работата на класните заедници, Црвениот крст и преку работилници од „Животни вештини“ кои се реализираат на класен час

Училиштето ќе води редовна грижа за навремена реализација на редовни систематски прегледи и вакцинација, за што е во континуирана соработка со Центарот за јавно здравје – Велес, како и со останати институции од областа на здравјето од каде стручни лица вршат предавања за учениците и наставниците.

## 14.5 Програма за подобрување на безбедноста, ментално здравје и добросостојба на учениците

Програмата имаза цел да ја унапреди безбедноста еднаквоста и добросостојбата на сите ученици во училиштето. Преку реализација на активностите се очекува кај учениците да се подигне свесноста за штетното влијание и последиците од насилството, влијанието на менталното здравје врз успехот и добросостојбата на учениците. Во оваа програма се опфатени разни активности кои се диференцирани во следниве подрачја:

I. Работа со ученици
II. Работа со наставници
III. Работа со родители

| | Активност | Време на реализација | Критериум за успех | Носител |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Запознавање на учениците со куќен ред на училиште | Прва недела септември | Воден разговор | Класен раководител |
| 2 | Запознавање на учениците со протокол за спречување на сите видови насилство, запознавање со лице одговорно за пријавување насилство | Прва недела септември | | Класен раководител Педагог Валентина Шкрекова Магдалена Иванова |
| 3 | Запознавање на родителите со куќен ред и протокол за спречување на сите видови насилство, запознавање со лице одговорно за пријавување насилство | Прва родителска средба | Работилница | Класен раководител Педагог Валентина Шкрекова Магдалена Иванова |
| 4 | Советодавни индивидуални разговори со учениците | Континуирано | Водени разговори | Психолог, педагог |
| 5 | Советодавни индивидуални разговори со родители | Континуирано | Водени разговори | Психолог, педагог |
| 6 | Работилница за видови насилства, справување и спречување | Септември/октомври | Одржани работилници | Психолог, педагог |
| 7 | Работа со ученици кои минуваат низ кризен период(губење на член од семејство, развод на родители, болест) | континуирано | Индивидуални разговори | Психолог,педагог, наставници, класни раководители |
| 8 | Советодавни разговор со родители чии деца минуваат низ кризен период | континуирано | Индивидуални разговори | Психолог, педагог, наставници, класни раководители |
| 9 | Советодавни разговори со наставници за надминување на состојба во паралелка во која има ученици со несоодветно однесување, ученици кои имаат одредени проблеми и минуваат низ кризен период | континуирано | Индивидуални разговори, одржување на класен совет | Психолог |

## 15. ОЦЕНУВАЊЕ

***-Следење и оценување на напредокот на учениците***

Следењето и оценувањето на напредокот на учениците е континуиран процес во текот на целата наставна година.

Оценувањето како дел од наставата се врши:

1. На почетокот на наставата (дијагностичко оценување) со цел да се утврди предзнаењето на учениците, да се планира наставата и да се се зголеми интересот и мотивацијата кај учениците (формативно оценување).
2. Оценување во текот на наставата со цел да се следи како ученикот учи и напредува во учењето, наставникот да добие повратни информации за поучувањето и да се информираат родителите за напредокот
3. Оценување по завршување на наставата (сумативно оценување) со цел да се утврди што научил ученикот во текот на наставата, да се информираат заинтересираните субјекти за постигањето на учениците, да се процени ефикасноста на наставата. Сумативната оценка се внесува во педагошката евиденција.

Оценување на учениците се врши преку: усни одговори на прашања поставени од наставникот, писмени извештаи, тестови изработени од наставникот, практични изведби, есеи изработени вон наставата, изработка на проекти, презентации и сл.

Секој наставник, изработените критериуми и стандарди за формативно и сумативно оценување ги доставувава во педагошко-психолошката служба во прилог на годишните планирања.

***-Тимот за следење, анализа и поддршка*** е составен од директорот, педагогот, психологот и предметни професори со конкретни задолженија. Тимот има операционализиран план/период за следење, анализа за состојбите на постигнатите резултати на професорите, план за поддршка на професорите кои покажуваат слаби резултати од работењето, поддршка на професорите кои се иноватори и креатори на развојот на квалитетното оценување, планирање на споделување на добра пракса во рамки на училиштето.

## 16. ВКЛУЧУВАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО ВО УЧИЛИШТЕТО

Вклученоста на семејството во работата на училиштето произлегува од заедничка цел односно развој на младата личност по пат на создавање на оптимални услови. Оваа цел ќе се оствари преку следните активности:

- Размена на информации помеѓу семејството и училиштето,
- Учество на родителите во активности на училиштето,
- Вклученост на родителите во органите на управување,
- Едукација на семејството.

Соработката помеѓу училиштето и семејството е значајна затоа што на тој начин родителите имаат право и одговорност да учествуваат во донесување на одлуки значајни за училиштето. Вклученоста на семејството во училиштето ќе обезбедува континуитет помеѓу семејното и институционално воспитување, континуирано следење на развојот и успехот на ученикот, запознавање со интересите на учениците, откривање на евентуални тешкотии и пропусти,

Училиштето редовно ќе ги информира родителите за напредокот и постигнувањата на учениците преку родителски средби, преку web страна на училиштето, Е- дневник, затворени групи на социјалните мрежи. После секој класификационен период училиштето ќе организира родителски средби (најмалку четири), а по потреба ќе се организираат и во друг временски период.

Родителите ќе бидат повикувани и на индивидуални средби на кои ќе се разговара за успехот и поведението на учениците. За учениците кои покажуваат намален успех и имаат зголемен број на изостаноци училишниот психолог ќе организира групни советувања за родители.

Родителите ќе можат да се вклучат и со свои едукативни предавања од својата област како едукатори.

| | |
|---|---|
| **1. Родителски средби** | Класните раководители изготвуваат планирања за текот и реализацијата на родителски средби.<br>Прва родителска средба во третата недела од септември<br>Втора родителска средба во втора недела од ноември<br>Трета родителска средба во јануари<br>Четврта родителска средба во првата недела од април<br>Петта родителска средба, по завршување на учебната година<br>По потреба ќе бидат реализирани и вонредни средби со родителите за оние паралелки кои покажуваат послаби резултати или се сретнуваат со одредени проблеми. |
| **2. Советување на родител** | Согласно Законот за средно образование педагошко-психолошката служба ќе организира континуирани советувања на родители и ученици, со изготвени месечни планови и презентации на зададени теми. |

## 17. КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТ И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

### 17.1 Работодавачи

-

„ЛУТЕКС“




„Маркарт“

Хотел „Романтик“

Компанија „ЛЕОВ“

ОУД „Лазар Лазаревски“

„Ронтис“




„ЕВН Македонија“

